Општи услови за учество во „Coca-Cola програма за дигитална интеракција и лојалност 2026/2027“

Наведените услови се однесуваат на условите под кои можете да ја користите Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност на Пивара Скопје АД (во понатамошниот текст „Програма“). Со прифаќањето на условите, потврдувате дека сте ги прочитале, разбрале и се согласувате со правилата за користење на Програмата.

Што претставува Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност 2026/2027?

Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност на Пивара Скопје АД (во понатамошниот текст само како Програма/Програмата), претставува програма за дигитална интеракција помеѓу брендот Coca-Cola и потрошувачите, со вклучено доделување на симболични поволности (подароци) од страна на Пивара Скопје АД, а со цел зајакнување на својата врска со лојалните потрошувачи на брендот. Со оваа програма, потрошувачите ќе имаат можност самите да активираат, изберат и користат бесплатни производи, поволности и искуства од Пивара Скопје АД и од партнерите кои учествуваат во програмата преку бесплатното инсталирање на Coca-Cola апликацијата.

Кој ја организира Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност 2026/2027?

Организатор на Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност 2026/2027 е Пивара Скопје АД Скопје, со седиште на улица Кочо Битољану бр.12, 1000 Скопје и ЕДБ 4030995129290 (во понатамошниот текст Организатор).

Како можете да учествувате?
Начин на активирање

Прв чекор- креирање на профил

Право на учество во Coca-Cola програмата за дигитална интеракција и лојалност 2026/2027 имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие општи услови (Учесници).

За потрошувачот да стане учесник во Програмата потребно е да ја преземе Coca-Cola апликацијата и да креира свој профил.

Coca-Cola апликацијата може бесплатно да се преземе од Google Play Store за уреди со Android оперативен систем или од App Store за уреди со iOS оперативен систем (во понатамошниот текст: „Апликацијата“).

Апликацијата ја има следната иконка 
Апликацијата може да се преземе и директно со скенирање на QR кодот што е поставен на пакувањата на производите што се дел од Програмата, како и рекламните материјали во продажните места каде се продаваат истите производи.

Со преземање на апликацијата, идниот учесник во програмата треба да потврди дека ги прифаќа условите на истата.
За да може учесникот да креира профил, неопходно е во апликацијата да ги внесе следните податоци: корисничко име, валидна адреса за е-пошта, држава и датум на раѓање.

Сите корисници на Coca-Cola апликацијата, кои веќе ја имаат инсталирано и имаат креирано свој профил, можат веднаш да преминат кон вториот чекор, односно со внесување на кодот од под капачето во апликацијата. Постоечките корисници на апликацијата, со директно преминување кон вториот чекор автоматски се регистрираат и имаат право за учество во програмата, а со тоа и ги прифаќаат условите на истата.

Втор чекор- внесување на кодот од под капачето

Вториот чекор потребен за учество во Програмата е потрошувачот во веќе инсталираната апликација да внесе код којшто може да го најде под капачето на било кој од производите наведени во овие услови за учество.

Секој учесник во Програмата може да учествува со внесување на кодови добиени од под капачињата на Производите што учествуваат во програмата и тоа:

Производ	Пакување	Поени
Coca-Cola Original	PET 1,75 L	2
Coca-Cola Zero	PET 1,75 L	2
Fanta Orange	PET 1,75 L	2
Fanta Tropical	PET 1,75 L	2
Fanta Shokata	PET 1,75 L	2
Coca-Cola Original	PET 1,25 L	2
Coca-Cola Zero	PET 1,25 L	2
Fanta Orange	PET 1,25 L	2
Fanta Tropical	PET 1,25 L	2
Fanta Shokata	PET 1,25 L	2
Sprite	PET 1,25 L	2
Schweppes Bitter Lemon	PET 1,5 L	2
Coca-Cola Original	PET 0,45 L	1
Coca-Cola Zero	PET 0,45 L	1
Fanta Orange	PET 0,45 L	1

Со внесување на еден валиден код во Апликацијата учесникот добива еден или два поени симболично наречени „снегулки“ во зависност од пакувањето наведено во табелата. Собраните поени се евидентираат во "паричникот" на профилот. Снегулките се интеракциски механизам без парична вредност и не можат да се претворат во готовина ниту да се префрлаат или споделуваат помеѓу учесниците.

Со реализирање на првиот и вториот чекор (инсталирање на апликацијата и внесување на кодот од под капачето), потрошувачот, под овде наведените услови, во периодот на времетраењето на Програмата, стекнува можност, да стане учесник во Програмата.

Користење на поволностите од Програмата

Бројот на поени што учесникот ги добива зависи од производот и пакувањето: пакувањата од 1,25 L, 1,5 L и 1,75 L носат по два поени додека пакувањата од 0,45 L носат по еден поен согласно табелата погоре.

Секој код е уникатен (единствен) и може да биде внесен во профилот на Coca–Cola апликацијата само еднаш.

По внесувањето на кодот, учесникот ќе добие една од следните нотификации, преку самата Апликација:

- Доколку се внесе валиден код, учесникот ќе добие нотификација:
  "Успешно! Дали сакаш да внесеш уште некој код?"

- Доколку ист (односно веќе искористен) код се внесе по втор пат, ќе се добие нотификација:
  "Кодот е веќе искористен"

- Доколку се внесе погрешен код, ќе се добие нотификација:
  "Кодот не е валиден"

Едно лице може да внесе неограничен број на кодови во Coca-Cola апликацијата и да преземе, односно да одбере повеќе различни поволности (подароци) од достапните количини, со внимание на ограничувањата наведени во овие општи услови.

Добиените поени се собираат на профилот на учесникот за целото времетраење на програмата. Откако учесникот ќе собере одреден број на поени, ќе има можност истите да ги замени за поволност (подарок) во кое било време во периодот на времетраењето на програмата, под два услови:

- Учесникот да има доволен број на поени за замена за соодветната поволност (подарок) и
- Да има останата (достапна) количина од избраната поволност (подарок).

  - Поволностите (подароците) се со ограничена количина која јасно ќе биде истакната на Coca-Cola апликацијата и ќе се ажурира во реално време. Над секоја достапна поволност (подарок) во апликацијата ќе биде поставен бројач каде ќе бидат јасно истакнат достапниот број на поволности (подароци) во секое време за целото времетраење на програмата. По истрошување на предвидениот број на поволности (подароци), над истата ќе биде ќе стои "0" во бројачот на поволности (подароци).

Потребниот број на поени (снегулки) за секоја поволност (подарок) ќе биде видно истакнат под поволноста (подарокот) – во делот Поволности (подароци) во самата апликација.

По завршувањето на периодот на Програмата на 11.01.2027 година во 12:00 часот престанува можноста за внесување кодови и добивање поени. Собраните поени може да се заменат за подароци најдоцна до **11.02.2027** до 12:00 часот.

Сите поени генерирани во текот на Програмата се валидни исклучиво за оваа Програма. По **11.02.2027** сите неискористени поени ќе бидат избришани. Поените од претходни промоции или наградни игри не се активни и не може да се користат во оваа Програма.

Организаторот на програмата го задржува правото да ги одбие сите пратени кодови кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин. Организаторот не одговара за повремени технички пречки, прекини на работата на Coca –Cola апликацијата или прекини во интернет сообраќајот.

Доколку се открие дека кој било корисник, или корисник на Апликацијата ги прекршува, или има сомнение дека се обидува да ја пробие нивната мрежа, систем или софтвер, неговото учество во програмата веднаш се откажува и Coca-Cola Services S.A го задржува правото да го пријави на надлежните органи.

Coca-Cola Services S.A управува и е одговорна за целокупната функционалност на Апликацијата. Организаторот и Coca-Cola Services S.A не сносат апсолутно никаква одговорност ако од причини кои не се во нивна контрола или причини предизвикани од виша сила (индикативни, проблеми или техничка нефункционалност на телефонските мрежи или линии, онлајн компјутерските системи, сервер или провајдер, компјутерските компоненти, софтвер, неможност за праќање или примање податоци заради недоволен простор или заради технички проблеми или застој на интернет или на која било веб страница заради комбинација од овие настани, исклучување од интернет и компјутерски вируси, малициозни или нелегални дејства или интервенции на трети лица, измамнички активности) нивното учество во Активацијата е одложено или оневозможено или од која било причина нивното учество во електронските системи на Апликацијата не е регистрирано.

Во програмата забрана за учество имаат лицата кои во текот на времетраењето на програмата се вработени кај Организаторот на програмата (Пивара Скопје АД), The Coca-Cola Company, соработниците ангажирани за спроведување на Програмата (ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ и ВОРХОЛ ДООЕЛ Скопје) и членовите на нивните потесни семејства.

Учество и времетраење на програмата

Програмата ќе се реализира преку Coca-Cola мобилна апликација.
Програмата започнува на 02.11.2026 година во 12:00 часот и трае до 11.01.2027 година до 12:00 часот. Рокот за искористување на собраните поени е наведен во делот „Користење на поволностите од Програмата“.

Поволности (подароци)

Учесникот може, по своја сопствена проценка и желба, во секое време за периодот додека трае програмата, да ги замени своите собрани поени (снегулки) за некој од понудените поволности (подароци), доколку поволноста (подарокот) што го избрал сеуште го има на залиха и доколку има собрано доволен број на поени.

Понудени се следните поволности (подароци) во вкупна количина од 14.100 парчиња, кои ќе бидат поделени во два брана:

- **Прв бран: започнува на 2.11.2026 година во 12:00 часот.**
- **Втор бран: започнува на 7.12.2026 година во 15:00 часот.**

Бран / достапно од	Подарок	Количина	Потребни поени
1 / 02.11.2026	ESPERANZA EKG011 мултиготвач	50	140
1 / 02.11.2026	ESPERANZA EKA002 фритеза на топол воздух (Air Fryer)	50	140
1 / 02.11.2026	HEINNER HWF-F1200BK апарат за вафли	50	140
1 / 02.11.2026	HEINNER HCPM-F15RVSS апарат за палачинки	50	140
1 / 02.11.2026	Сукало со калапи за колачи	1.000	50
1 / 02.11.2026	Кујнски сад со капак и прибор	1.000	100

Бран / достапно од	Подарок	Количина	Потребни поени
1 / 02.11.2026	Дрвена даска за сервирање	2.000	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 600 денари за Веро	1.000	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 600 денари за Рамстор	1.000	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 600 денари за Жито	1.200	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 600 денари за Шпар	800	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 600 денари за Интершпар	100	70
1 / 02.11.2026	Вредносен ваучер од 500 денари за Меркур	1.500	50
2 / 07.12.2026	ESPERANZA EKG011 мултиготвач	50	140
2 / 07.12.2026	ESPERANZA EKA002 фритеза на топол воздух (Air Fryer)	50	140
2 / 07.12.2026	HEINNER HWF-F1200BK апарат за вафли	50	140
2 / 07.12.2026	HEINNER HCPM-F15RVSS апарат за палачинки	50	140
2 / 07.12.2026	Новогодишен сет за јадење од 18 парчиња	300	140
2 / 07.12.2026	Coca-Cola новогодишно ќебе	700	100
2 / 07.12.2026	Сет од две Coca-Cola новогодишни перници	700	100
2 / 07.12.2026	Сет од шест Coca-Cola новогодишни чаши	1.900	70
2 / 07.12.2026	Комплет кујнски прибор за јадење	500	100
	ВКУПНО	**14.100**	

Организаторот го задржува правото во текот на Програмата да го менува бројот или видот на поволностите (подароците). Достапноста на секоја поволност (подарок) ќе биде видно прикажана и ажурирана во Апликацијата.

Како можам да си изберам поволност (подарок)?

Кога ќе собере доволен број поени учесникот може да избере еден или повеќе поволности (подароци) од достапните количини прикажани во Апликацијата. Со притискање на копчето „ОДБЕРИ“ учесникот го потврдува изборот и од неговиот "паричник" автоматски се одзема бројот на поени потребен за избраната поволност (подарок).

Освен за вредносните ваучери, за останатите поволности (подароци) учесникот при изборот ќе добие уникатен код. Кодот и потребните податоци за подигање треба да ги внесе на микросајтот www.naracajpodarok.mk.

За вредносните ваучери од 600 денари за Веро, Рамстор Жито Шпар или Интершпар учесникот директно во Coca-Cola апликацијата ќе добие уникатен код што може да го искористи во продажните места на избраниот маркет.

За вредносниот ваучер од 500 денари за Меркур учесникот директно во Coca-Cola апликацијата ќе добие уникатен код што може да го искористи во продажното место на Меркур во Автокоманда.

Потребниот број поени и расположливата количина за секоја поволност (подарок) се наведени во табелата погоре и ќе бидат прикажани во Апликацијата.

За подобра достапност, и фер пристап за сите учесници, еден учесник може да избере од секоја различна поволност (подарок) најмногу по еднаш, и тоа вкупно за двата брана на Програмата, освен за вредносните ваучери. Ограничувањето се однесува и доколку истиот модел на апарат е достапен во двата брана.

Вредносен ваучер како поволност (подарок), од секој одделен партнер (Веро, Рамстор, Жито, Шпар, Интершпар или Меркур) учесникот може да избере најмногу 3 (три) пати за целото времетраење на Програма.

Достава/подигање на поволностите (подароците)

Избраните поволности (подароци), освен вредносните ваучери, ќе бидат ставени на располагање за подигање во рок не подолг од 60 дена од денот на изборот освен ако во Апликацијата или во известувањето за поволноста (подарокот) е наведен пократок рок. Сите избрани поволности (подароци), освен вредносните ваучери, во наведениот рок, ќе бидат достапни за подигање во избраните продажни места на Техномаркет. Доколку учесникот, во предвидениот рок, не го подигне избраниот подарок, по истек на предвидениот рок, подарокот ќе биде вратен односно предаден на Организаторот, а учесникот понатаму нема да има можност за подигање на истиот.

За подигање на поволност(подарок), освен за вредносните ваучери, учесникот треба на www.naracajpodarok.mk да внесе име и презиме, локација на Техномаркет за подигање, контакт телефон, е-пошта и единствен код на подарокот најдоцна до **28.02.2027**. Денот на внесување на наведените податоци и локација од страна на учесникот на www.naracajpodarok.mk, се смета за ден на избор.

Учесниците кои што ќе изберат вредносен ваучер за Веро, Рамстор Жито Шпар или Интершпар ќе добијат уникатен код во електронска верзија во Coca-Cola апликацијата веднаш по изборот.

Ваучерот може да се искористи во продажните места на избраниот маркет со прикажување на кодот и документ за лична идентификација најдоцна до **11.04.2027**

Учесниците кои што ќе изберат вредносен ваучер од Меркур ќе добијат уникатен код во електронска верзија во Coca-Cola апликацијата веднаш по изборот.
Ваучерот за Меркур може да се искористи во Меркур Автокоманда со прикажување на кодот и документ за лична идентификација најдоцна до **11.04.2027.**

Сите поволности (подароци), освен вредносните ваучери ќе може да се подигнат во избраната продажна локација на Техномаркет со прикажување на кодот што ќе биде доставен на е-поштата по внесувањето на податоците на www.naracajpodarok.mk и со документ за лична идентификација најдоцна до **28.04.2027**. Подароци ќе бидат достапни за подигнување од избраната продажна локација по 10 работни дена од денот на изборот, а најдоцна до 28.04.2027 година.

Потребни податоци за подигање се: име и презиме, локација на Техномаркет, контакт телефон, е-пошта и единствен код на подарокот.

Ако учесникот не ги внесе потребните податоци или внесе неточни, нецелосни или неупотребливи податоци за подигање Организаторот нема да се смета за одговорен за неможноста подарокот да биде подигнат.

Учесниците не можат да ја заменат избраната поволност (подарок) за паричен износ ниту за друг предмет. Вредноста на поволноста (подарокот) не е делива и се искористува одеднаш во целост.

Услови за искористување на поволностите (подароците) – вредносни ваучери
Вредносните ваучери може да се искористат согласно условите наведени подолу најдоцна до **11.04.2027**. По истекот на рокот се губи правото на користење на ваучерот.

Маркети: Веро, Рамстор Жито Шпар или Интершпар
Вредносниот ваучер од 600 денари за Веро, Рамстор, Жито, Шпар или Интершпар може да се искористи за производи од асортиманот на избраниот маркет вклучително и производи што се на попуст во моментот на користење освен ако партнерот наведе поинаку.

Ако вредноста на купувањето е поголема од вредноста на ваучерот учесникот може да ја доплати разликата. Ако вредноста е помала не се враќа разликата во пари.
Ако еден учесник избере повеќе ваучери за истиот маркет може да ги искористи во збирен износ освен ако условите на партнерот не предвидуваат поинаку.

Ваучерите може да се искористат во продажните места на соодветниот маркет. За користење на ваучерот учесникот треба да се обрати на главната каса.

Меркур
Вредносниот ваучер од 500 денари за Меркур може да се искористи за производи од асортиманот на Меркур вклучително и производи што се на попуст во моментот на користење освен ако партнерот наведе поинаку.

Ваучерот се користи со прикажување на уникатниот код во продажното место на Меркур во Автокоманда.

Ако вредноста на купувањето е поголема од вредноста на ваучерот учесникот може да ја доплати разликата. Ако вредноста е помала не се враќа разликата во пари.
Ако еден учесник избере повеќе ваучери за Меркур може да ги искористи во збирен износ освен ако условите на партнерот не предвидуваат поинаку.

Право на приговор
Секој учесник има право да поднесе приговор до Организаторот во рок од 5 (пет) дена од денот на детектирање на неправилност или техничка неисправност на апликацијата. Организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на неговиот прием.

Грешки
Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторот, односно Нарачателот нема да се смета за одговорен.

Одговорност

- Организаторот, нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на поволностите (подароците), како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на истите.
- Организаторот, не презема одговорност во случај на спор помеѓу учесниците во врска со сопственоста на капачињата со кодови од пакувањата кои учествуваат во оваа програма.

- Организаторот не презема одговорност за функционалноста на апликацијата, системот и механизмот преку кој ќе се одвива активацијата, избирањето и доставувањето односно превземањето на поволностите (подароците). За евентуални повремени технички пречки и прекини на работата на Coca-Cola апликацијата, одговара компанијата Coca-Cola Services SA лоцирана на следната адреса Chaussée de Mons 1424, 1070 во Брисел, во чија сопственост е апликацијата.

Обработката на личните податоци

Учесниците што избрале поволност (подарок) се согласни при подигнување или користење да се изврши увид во кодот и документот за лична идентификација заради проверка на идентитетот и полнолетството. На лице што не е полнолетно нема да му биде овозможено подигање на подарокот или користење на ваучерот.

- Целта на користењето и преносот на податоци од страна на Организаторот и соработниците ангажирани за спроведување на Програмата (ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ и ВОРХОЛ ДООЕЛ Скопје) е исклучиво спроведување и администрирање на учеството во Програмата.
- Организаторот и соработниците ќе ги користат и обработуваат личните податоци исклучиво за идентификација на учесникот, проверка на правото за учество и организирање на подигањето на подарокот. За целите на оваа програма Организаторот Пивара Скопје АД Скопје, со седиште на ул. Кочо Битољано бр.12, 1000 Скопје, се јавува во својство на Контролор на лични податоци, додека соработниците ангажирани за спроведување на Програмата (ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ и ВОРХОЛ ДООЕЛ Скопје) и компанијата Coca-Cola Services SA се јавуваат како Обработувачи на лични податоци.
- Обработката на личните податоци се врши на основа на согласност којашто учесникот ја дава при регистрација на Coca-Cola апликацијата. Учесникот ги има сите права согласно Законот за заштита на лични податоци, и за било каква евентуална неправилност може да се обрати до Контролорот, Обработувачот и Агенцијата за заштита на лични податоци.
- Партнерите на Организаторот Пивара Скопје што ги реализираат ваучерите или ги предаваат другите подароци може да побараат документ за лична идентификација на увид за да го потврдат идентитетот и правото на учесникот.
- Од страна на ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, Пивара Скопје АД Скопје, НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ и ВОРХОЛ ДООЕЛ Скопје ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа програма. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.
- Организаторот се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на програмата согласно закон.
- Организаторот се обврзува личните податоци да ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на Програмата, односно 3 месеци по истекот на

рокот за подигнување на подароците и во овој период да применува технички и организациски мерки што обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита.

- После тоа истите ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци.
- Апликацијата е во сопственост на компанијата Coca-Cola Services SA со седиште на Chaussée de Mons 1424, 1070 во Брисел.
- Дата центарот на компанијата Coca-Cola Services SA се наоѓа во, Seattle, WA 98109 .
- Дата центарот на контакт центарот НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ е лоциран во Цирих, Швајцарија.
- Дата центарот на Microsoft Azure сервисот кој ќе биде закупен за поставување на базата и хостирање на веб страницата www.naracajpodarok.mk се наоѓа во Цирих, Швајцарија.
- Учесникот е согласен неговите лични податоци да бидат обработувани и чувани во наведените дата центри, согласно овие општи услови.
- За сите подетални информации во врска со заштитата на личните податоци, учесникот може да се информира од Политиката за приватност поставена на Coca-Cola апликацијата.

Прекин на програмата во случај на виша сила

Активацијата може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе програмата поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на програмата, за причините за прекинувањето и за датумот на прекинување преку соопштение во медиумите.

Потенцијални спорови

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците во програмата надлежен е Основниот граѓански суд Скопје во Скопје.

Контакт центар

За дополнителни информации учесниците може да се јават на телефонскиот број 02/3207 751 секој работен ден од 9:00 до 17:00 часот или да постават прашање на е-маил адресата: cocacola.mk@silverlines.info во периодот од 02.11.2026 година до 28.02.2027 година.